Лазар КОЛИШЕВСКИ

# НАШАТА РЕВОЛУЦИЈА ОСТАНУВА КАКВА ШТО БЕШЕ, ТИТОВА: НЕПОКОЛЕБЛИВА ВО ОСНОВНИТЕ ОПРЕДЕЛУВАЊА, ХУМАНА ВО НАСТОЈУВАЊАТА ПОСТОЈАНО ДА СЕ ПРОШИРУВААТ ПРОСТОРИТЕ НА ЧОВЕЧКИТЕ СЛОБОДИ И НЕПОМИРЛИВА СПРЕМА СИТЕ ОНИЕ ШТО БИ САКАЛЕ ДА ГИ ЗАГРОЗАТ НЕЈЗИНИТЕ ПРИДОБИВКИ И ДА ГИ СКРШНАТ НЕЈЗИНИТЕ ТЕКОВИ*

За работничката класа, за сите работни луѓе и граѓани, за Сојузот на комунистите на Југославија, за нашата младина и припадниците на вооружените сили ширум нашата самоуправна социјалистичка заедница, дојде најболниот момент, моментот на простување од другарот Тито.

Со денови, драги другар Тито, милиони наши луѓе, немо, со најголемото стравување, но и со жива надеж, ја следеа Твојата последна борба. Од длабочината на своите души сакаа и овојпат да однесеш победа. До последниот Твој здив веруваа во чудо, во невозможно. Никогаш Ти не отстапи пред силите на злото. Им се потчини дури пред неумоливите закони на природата, речиси, по девет децении од животот, исполнет со подвизи и страдања, со неспоредливо самооткажување и со постојана борба во која непоштедно ги вложуваше сите свои сили.

Со тие мисли и чувства се простуваме денес од Тебе сите ние, твоите другари и соборци, Сојузот на комунистите на Југославија, кому Ти му даде печат на својата личност, работничката класа на нашата земја од чии пазуви израсте Ти, работните луѓе и граѓаните на сите наши народи и народности.

Во овој болен момент, пред посмртните останки на својот легендарен Врховен командант, славните борци на Народноослободителната војска на Југославија ги спуштија на половина копје 365-те знамиња на воените бригади, од кои 341 се југословенски, 21 италијански, една руска, една француска и една бугарска, формирани на нашава почва.

---

* Проштален говор на претседателот на Претседателството на СФРЈ, Лазар Колишевски пред гробницата на Јосип Броз Тито, во Ужичка улица број 15, земен од „Комунист", вонредно издание, 9 мај 1980 с. 5 — 6.

**Со зборови не може да се изрази болката што заминуваш од нас, но ни гордоста што те имавме**

Со зборови не може да се изрази болката што заминуваш од нас, но ни гордоста што Те имавме, што таков великан на историјата со децении сигурно нè водеше, што заедно градевме, ја развивавме и јакневме револуционерната авангарда на работничката класа, што поврзавме, собравме и водевме милионски маси од сите наши народи и народности во победоносната Народноослободителна борба и во социјалистичката револуција за остварување на нивните социјални и национални права и интереси, за посреќно општество и похумани човечки односи, за братство и единство меѓу нашите народи и народности. Заедно смело ги расчистувавме патиштата на нашево социјалистичко самоуправно општество и на сестраното јакнење на федеративната заедница.

Сега останувамe без Тебе, но цврсто обединети и подготвени за секогаш, и ние, и младите генерации што доаѓаат зад нас, да чекориме по смелите визионерски патишта кои ги пробивавме заедно со Тебе од првите денови на Револуцијата во сите борби, искушенија и успеси. Пронаоѓавме најдобри решенија за исполнување на Твоите замисли во интерес на изградбата на нашата подобра утрешнина. Во развивањето на тесните врски за соработка и пријателство со народите ширум светот и во интерес на јакнењето на мирот, безбедноста и меѓународната соработка. Со нас, и светот останува без својот велик граѓанин, неуморен борец за мир и симбол во кој се изразени не само надежите туку и можностите за надминување на искушенијата низ кои минува.

Кога дојде на чело на нашата славна Партија, пред 43 години, заора нова и длабока бразда во историјата на сите наши народи и народности. За сè што нашата Партија, работничката класа, работните луѓе и граѓаните остварија на патот на човечката и националната слобода Ти даде најголем и решавачки личен придонес. Под Твоето решително и сигурно водство не знаевме за порази ни тогаш кога битките и стремежите значеа јуриши на небо. Со зборови и дело Ти нè учеше како да ги решаваме и најсложените задачи што пред нас се поставуваа.

Од заостанатата земја, која до неодамна им служеше на странските сили како монета за поткусурување, немоќна пред странските освојувачи и завојувачи, разурнувана со национално угнетување и експлоатација, со беда и немаштија, создадена е, со борбата што ја предводеше Ти речиси половина век, нова Титова Југославија, општество и систем кои се по многу нешто нов збор на историјата.

Цврсто чекореше на наше чело додека ја изградувавме и ја изградивме нашата заедница, од 1941 година, преку Првото и

Второто заседание на АВНОЈ, до сегашното уставно уредување. Без таква заедница нашето постоење би станало незамисливо. Во борбата и самопрегорот за нејзината среќа и просперитет Твоето дело секогаш ќе биде со нас како поттик, патоказ, сила и инспирација.

Создадовме нова и оригинална општествена заедница, заснована врз демократските и хуманистички основи на социјалистичкото самоуправување, врз братството и единството на сите наши народи и народности. Тоа се основите врз кои постојано јакне нејзината самодоверба и цврстина која никакви сили не можат да ја скршат. Тоа е заедница со која нејзините членови се гордеат, која надалеку зрачи со светлите принципи на хуманизмот, човечката солидарност, мирот и братската соработка, рамноправноста и заемното почитување на луѓето, народите и земјите. Таа заедница е плод на нашите стремежи и на нашата борба што долго во историјата ќе носи обележје на Твојата личност, а времето во кое настана ќе остане во свеста на нашите народи и народности како Титова епоха. За сето тоа Социјалистичка Федеративна Република Југославија ќе Ти остане, драги другар Тито, вечно благодарна.

Со Тебе работевме и градевме како вечно дека ќе биде мир и се подготвувавме како утре дека ќе биде војна. Тие Твои зборови најдоследно ги претворавме во дело, оспособувајќи се да ја браниме секоја стапка од нашата земја, чувајќи ја нашата слобода, нашиот социјалистички самоуправен систем, суверенитетот и независноста на нашата земја, од секого што ќе посегнеше врз неа. Уверени сме дека, постапувајќи и натаму така, најдоследно и најдобро ќе Ти се оддолжиме.

Како што ја согледа сликата на нашава денешна општествена заедница уште во времето на најцрната реакција, фашистичкото подивување и терор, во отпорите од сите видови, притисоци и обиди за мешање во нашите внатрешни работи, во времето на најзаострениот вител на студената војна и блоковската конфронтација, пронаоѓаше и во другите тешки прилики патишта за мир и ги ширеше нив. Ти ја согледа историската визија на политиката на неврзаноста како единствена алтернатива на современиот свет соочена со опасностите од нуклеарна катастрофа и практично и неуморно се бореше за нејзината незаменлива улога во современите меѓународни односи. Твоето име и активност се вградени во сите резултати и достигања на политиката на неврзаноста и во афирмација на нејзините принципи и патишта во иднината.

Непоколебливо уверени дека нашето постоење и иднина се наоѓаат единствено на Твојот пат, и натаму ќе ја подаваме раката на пријателство, рамноправност и соработка секому во светот, како што Ти тоа знаеше и умееше. Под Твое раководство воспоставивме, изградивме и успешно го развивавме при-

3*

јателството и пријателската соработка речиси со сите земји во светот, без оглед на разликите во нивните општествени системи и определби. Тоа ќе го правиме уште порешително и понатаму.

Ние знаеме да подаваме рака на пријателство и соработка, и исто така пријателски да ја прифаќаме. Во тоа Ти беше ненадминат градител и творец.

## Ќе направиме сè што помалку да се почувствува загубата што нè снајде

Ќе го сториме сè што помалку да се почувствува загубата што нè снајде не само нас, туку и целиот слободољубив и мирољубив свет.

Во овој момент кога немаме зборови за утеха, горди сме и цврсти во уверувањето дека Твојата мисла и дело ќе ги претвориме во нови вдахновенија и самопрегор. Твоето големо дело останува да живее во сите наши народи и народности, во работничката класа, во нивната непоколеблива борба за социјализам и човечка среќа.

Простувајќи се од Тебе, нашата земја, сите работни луѓе и граѓани, Ти благодарат за најскапоцената придобивка — дека суверено располагаме со сопствената судбина и верба во себе, во својата сила, во силата на слободните луѓе и збратимените народи и народности. Сами и со сопствена одлука сите наши народи и народности еднодушно и неповратно се определија за Твојот пат и за Твоето водство.

Сред бурите и луњите што го шибаа и шибаат светот во кој живееме, светот растрган и поделен, разбрануван и немирен, Ти на нашата земја ѝ обезбеди високо место во меѓународната заедница токму затоа што нашата социјалистичка заедница е сигурен фактор на слободата, прогресот, стабилноста и безбедноста во светот. Таа тоа ќе остане и во иднина.

## Твојот лик е гранитно врежан како вечен спомен, патоказ и поука на секоја патека од нашата борба и од револуцијата

Драги другар Тито, простувајќи се од Тебе, сакаме да Ти кажеме дека во нашите мисли и чувства остануваат длабоко и трајно врежани епохалните настани врзани за Твоето име и дело, настаните што ги изменија тековите на нашата современа историја. Ти покажа најдобро разбирање за движечките сили на општествениот развиток, за решителноста и храброста во борбата против класниот и националниот непријател, смисла и

подготвеност за пронаоѓање на јасни и едноставни решенија и во најкомпликуваните ситуации, во сите преломни моменти на нашата револуција. Револуционерниот оптимизам постојано зрачеше од Твојот дух и битие. Тие особини ги потврдуваше секој ден во својот живот, во борбата и творештвото.

Твојот лик на револуционер, стратег, борец, човек, народен водач и војсководач во големото историско значење, гранитно е врежан како вечен споменик, патоказ и поука на секоја патека на нашата борба и револуцијата.

Нашата славна Народноослободителна борба и социјалистичката револуција, нашата заедница Социјалистичка Федеративна Република Југославија, рамноправноста, братството и единството на нашите народи и народности, суверенoста и независноста на нашата земја, нашата силна Југословенска народна армија, неврзаноста и мирот, демократската и рамноправна соработка со сите земји и народи на светот, човечката среќа и социјализмот — сето тоа носи неизбришлив печат на Титовата историска личност. Тоа останува и наша програма и завет овде пред Тебе дека нашата револуција — како што рече Ти — мора да остане онаква каква што беше: непоколеблива во основните определувања, хумана во настојувањата постојано да се прошируваат просторите на човечките слободи и непомирлива спрема сите оние што сакаа да ги загрозат нејзините придобивки и да ги скршнат нејзините текови.

Другар Тито, со нас засекогаш останува Твоето неразрушливо и величествено дело. Свесни сме дека Тебе можеме да Те замениме само сите ние, цврсто обединети, на патот на постојаниот развој на самоуправувањето и јакнењето на братството, единството и рамноправноста на нашите народи и народности. Зад Тебе останува ново, гордо и цврсто општество на работничката класа и на сите работни луѓе, општеството на самоуправувачите, свесни и слободни личности со широк хоризонт и со отворени перспективи, јасно насочени и непоколебливи луѓе што знаат што изборија и што стекнаа, што треба да бранат и штитат и што да прават во иднина. Останува земјата на збратимените народи и народности кои, остварувајќи ги Твоите идеали на национална слобода, сувереност и рамноправност, ги открија патиштата на постојаното јакнење на својата заедница, своето братство и единство. Никој и ништо нема и не може да нè скршне од тие патишта по кои Ти упорно и неуморно нè водеше.

Решителни сме и способни да ја чуваме како зеницата во своето око и непоколебливо да ја продолжиме и постојано да ја унапредуваме нашата слободна, независна и самоуправна заедница — Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Пркосејќи ѝ на болката за Тебе, во овој тажен момент сме заедно со сите членови на Твоето семејство, соединети

со нив во непребол, но и горди на сето што беше Ти, што остануваш и што зад себе оставаш. Со заеднички самопрегор ќе ја претвориме оваа непреболна разделба во нов извор на сила и енергија на патот кој заедно со Тебе го одбележивме. Во текот на целиот свој живот несебично на своите плеќи го преземаше претешкиот товар на борбата, работата, грижите и одговорностите. Малку луѓе имало во историјата, дури и меѓу највеликите, кои како Тебе можат на крајот од својот животен пат мирно и со гордост да погледаат зад себе. Ти го помина целиот тој долг и макотрпен пат оставајќи зад себе еден од најдлабоките траги што еден човек може да ги испише во историјата.

Почивај во мир.

Нека Ти е вечна благодарност и слава.